# ПОВИК ЗА ЕКСПЕРТ

## за кариерно советување за средношколци Роми

Во рамките на проектот:
„Зголемување на стапката на задржување и учество на ученици Роми во средно образование, транзиција кон високо образование и/или премин на пазарот на трудот“

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје во рамките на проектот: **„Зголемување на стапката на задржување и учество на ученици Роми во средно образование, транзиција кон високо образование и/или премин на пазарот на трудот“,** финансиран од Европска Унија и РЕФ, објавува повик ЕКСПЕРТ за кариерно советување за средношколци Роми во период од Април до Јули 2024 година (4 месеци).

**Опис на активноста**

За период од 4 месеци, најмалку 10 средношколци ќе имаат можност да ги користат услугите на експерт за кариерно советување. Истиот ќе развие Индивидуални Кариерни Планови, ќе подготви индивидуални Кратки биографии и ќе помогне при стекнување на посакуваните меки вештини на средношколците Роми. Дополнително ќе се одржуваат месечни состаноци на кои средношколците ќе можат да се информираат за тековните потреби на пазарот на трудот, овозможувајќи им на матурантите да донесат информирани одлуки за својата идна професија. На крајот од активноста, експертот ќе биде задолжен да поднесе извештај.

Временската рамка за реализирање на оваа активност е од Април до Јули 2024 година (4 месеци).

**Цели на активноста**

- Да им помогне на средношколците Роми да обезбедат успешна транзиција во следното ниво на нивното образование или да се вработат;
- Да обезбеди академска поддршка за целиот процес со цел средношколците да донесат информирана одлука;
- Да им помогне на средношколците да идентификуваат, креираат и реализираат индивидуални цели на личен и професионален план;
- Да поддржи развој на средношколци лидери кои имаат знаење, вештини и способности за реализирање на своите лични и кариерни цели;
- Да обезбеди целосна академска поддршка за надминување на сите проблеми и нејаснотии што ќе ги имаат средношколците при транзиција на пазарот на трудот и идентификување на посакуваната работа.

**Работни задачи на истражувачот-експерт**

- На месечно ниво да одржува по најмалку еден работен состанок (вкупно 4) со цел да ги насочи средношколците во своите активности и за истиот да поднесува извештај до тимот на Ромаверзитас;
- Да достави најмалку 10 индивидуални кариерни планови (за секој средношколец по

еден);
- Да достави најмалку 10 Кратки биографии (за секој средношколец по еден);
- Да достави финален наративен извештај за неговиот ангажман.

*** Селектираното лице ќе склучи договор за авторско дело во кое ќе се регулираат работните задачи и висината на авторскиот надоместок. По исполнување на најмалку 70% од работните задачи ќе добие авторски надоместок во бруто износ од 1.200 евра, во денарска противвредност.

**<u>Основни критериуми:</u>**
- Соодветно високо образование (предност постдипломски студии)
- Работно искуство од најмалку 5 години
- Да има одлични истражувачки и аналитички способности
- Да имаат способности за планирање и организација

**<u>Потребни Документи за пријавување за ментор</u>**

За пријавување за ментор треба да се доставаат следните документи:
- кратка биографија
- диплома за завршено соодветно образование
- Друга документација која кандидатот смета дека ќе му биде во прилог на апликацијата (доколку има референтни писма, доколку поседува искуство за слична работа во други проекти, сертификати и сл.)

Сите заинтересирани кандидати, се охрабруваат да ги достават документите најдоцна до 28.03.2024 часот на меил kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk или во просториите на Ромаверзиас, со назнака: Апликација за експерт за кариерно советување за средношколци Роми.

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union